# ЗА ОХРИД ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сѐ ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сѐ што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани,

Никогаш не смееме да ја загубиме вербата во себе си, во човекољубието и човечноста.

По сите неправди коишто ни се случија, зарем треба да се откажеме?

Секако дека не!

Драги мои,

За Охрид и охриѓани доаѓаат подобри времиња коишто водат кон светла иднина, кон подобро утре за сите луѓе. За Охрид, град во кој младите мора да ја гледаат својата иднина, град кој треба да блесне со сиот свој сјај, да стане вистинска светска туристичка дестинација.

Заедно со вас, преку отворени денови за идеи и проекти, учествуваме во креирањето на програмата со цел решавање на проблемите кои ги засегаат граѓаните, за промени и напредок, за нов развој на Охрид.

Заедно да направиме способна и професионална администрација на компетентни луѓе, кои ќе одговораат на потребите на граѓаните.

Не смее веќе зеленилото да се заменува со бетон. Потребни се: нови паркови, нови велосипедски патеки, пристапни влезови, зелен и хуман град. Зголемување на зеленилото и зелените појаси и

подигнување на еколошката свест.

Борба за секое работно место и носење нови инвестиции. Индустриска зона во која локалните компании и инвеститори би пронашле интерес да го прошират својот бизнис, а тоа би довело до отворање нови работни места.

Не смее да има урбано место без канализација и водовод. Не смее да има поголемо населено место без нов асфалт. Подобрување на инфраструктурата во целост, нова водоводна мрежа и решавање на проблемот со водоснабдувањето во повеќе населени места во Охрид.

Максимално вложување и борба со создавањето нови дивоградби и дивеењето со урбанизмот.

Во делот на туризмот максимална поддршка, во секоја смисла на зборот, на угостителско-туристичкиот сектор во Охрид, посебно во делот со справување со постковид последиците, поддршка за тур-операторите, туристичките водичи, станоиздавачите и за сите оние коишто се занимаваат со угостителство и туризам и живеат од него.

Квалитетно образование и поддршка за спортот и спортските клубови се нашиот врвен приоритет.

И сето ова надополнето со секојдневните проблеми и побарувањето на месните заедници и граѓаните на Општина Охрид.

Сите заедно, со членство што работи со срце, лавовски се бори, да се здружиме, да ги збиеме редовите, да си подадеме рака, да се обединиме, за да имаме промени и напредок.

И не се прашувајте како може по сите случувања што сме ги доживеале да имаме толкава верба!

Како генерација во целост, сега е времето наше, сега треба најмногу да застанеме цврсто, гордо и достоинствено!

Време е за промени!

Време е за победи!

За добробит на Охрид со идеи и знаења, за нов почеток, за нова победа, за нов успех!

За подобар Охрид!

Македонија за сите луѓе!

Со почит,

д-р Кирил Пецаков

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## 1. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАДОТ „КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА“

- Плоштадот „Крушевска Република“ ќе добие нов и модерен изглед, а со тоа граѓаните ќе добијат ново уредено катче. На плоштадот му е потребно дополнително уредување, треба да се постават канделабри и тој да биде осветлен со лед светилки, да се изгради фонтана, да се постават садници и клупи, канти за отпадоци и друга урбана опрема во склоп на плоштадот. Охрид заслужува да биде квалитетно место за живеење, со убаво уредени места каде што ќе се одржуваат познати културни и музички манифестации, како и места во кои охриѓани ќе можат да го поминуваат своето слободно време, да се релаксираат, разговараат и одмараат.

## 2. РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СТУДЕНЧИШКО БЛАТО

- Во рамките на ревитализацијата е опфатено и воспоставување поврзаност помеѓу Студенчишкото Блато и Охридското Езеро преку канали. Просторот околу нив ќе биде партерно уреден со пешачки патеки и пропратни елементи, инфо табли на кои ќе бидат презентирани информации поврзани со блатото. На одредени точки ќе бидат поставени и видиковци од каде што посетителите ќе добијат подобра слика за целиот простор. Целта на овој проект е заштита на рибниот фонд, со посебен акцент на заштита на ендемичната охридска пастрмка, зголемување на протокот на вода, зачувување на растителниот и животинскиот свет, мрестот на крапот и гнездењето на птиците. На тој начин ќе се обезбеди зачувување на целокупниот езерски екосистем и влез на општина Охрид во биосверен резерват.

## 3. ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ОХРИД – СВ. СТЕФАН

- Со велосипедската патека се овозможува безбедно движење на велосипедистите од излезот на градот до туристичката населба „Св.Стефан“. Охриѓани и гостите со оваа патека ќе добијат ново место за рекреација на современ и модерен начин и ќе имаат можност да го користат своето време активно, практикувајќи здрави навики за возење велосипед. Проектот е и во функција на заштита и унапредување на животната средина. Со овој проект, освен задоволување на големиот интерес на населението за патување со велосипед, ќе се подобри и туристичката понуда во Охрид и директно ќе се придонесе за зголемување на атрактивноста на градот, привлекување и задржување на посетителите.

## 4. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БУЛЕВАРОТ „МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ“

- Препознавајќи ги вистинските потреби на граѓаните, сериозно и интензивно се посветуваме на важни инфраструктурни проекти, коишто подразбираат инвестиции во патната инфраструктура и подобрување на условите за безбеден сообраќај. Реконструкцијата на булеварот „Македонски Просветители“ на потегот од крстосницата со булевар „Туристичка“ до кружниот тек на плоштадот, значи и модерно сообраќајно решение какво што доликува на еден туристички град каков што е Охрид. Целта на проектот е градење на модерна и функционална патна инфраструктура која е во интерес на бизнис секторот и граѓаните, затоа што придонесува за подобар проток на стоки и услуги, а истовремено и инфраструктура со која се олеснува движењето на патниците на локално ниво.

## 5. НОВ ПАРК И ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНАТА ЗОНА НА ПОТЕГОТ ОД СПОМЕНИКОТ НА „ДЕН ДОЛАРД“ ДО КАНАЛОТ СТУДЕНЧИШТА

- Разубавувањето на делот околу Охридското Езеро е наш приоритет затоа што сакаме нашите деца да растат тука и да растат здрави, а по нас да оставиме здрава и чиста животна средина. Уредувањето на просторот и неговото планирање, во дослух со граѓаните, креира пософистициран лик на Општината и овозможува нејзино правилно просторно искористување. Во таа насока планираме изградба на нов парк со содржини, каде што гостите и охриѓани ќе поминуваат дел од своето време. Новиот парк и зелената зона на потегот од споменикот на „Ден Долард“ до каналот Студенчишта ќе биде ново уредено катче за поубав и позелен лик на градот и препознатливо место за Охрид.

## 6. ИЗГРАДБА НА НОВО МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

- Основното образование е темел на нашата иднина, расадник на нова идна генерација мислители, научници и иноватори, уметници, водачи и креатори на новите стандарди и на новиот начин на живеење во Општината. Образовниот процес не е само теоретска наобразба на учениците од учебници. Затоа предвидуваме изградба на ново, современо основно училиште, обезбедено со дидактички, нагледни средства и техничка опрема, потребни за реализација на модерна настава. Во училиштето ќе се обезбедат услови за квалитетна настава и креирање можности за унапредување на воспитно-образовниот процес. Истото ќе биде по сите стандарди и нормативи и ќе обезбеди соодветни услови наставата да се одвива во една смена.

## 7. КАТНА ГАРАЖА – ЛОКАЦИЈА „ГРАДСКИ ПАЗАР“

- Изградбата на катна гаража е сериозна капитална инвестиција, преку која ќе се реши проблемот со паркинг местата во Охрид и дополнително ќе се придонесе за растоварување на сообраќајниот метеж. Охрид како туристички центар заслужува конечно да добие катна гаража со цел да се намали сообраќајниот хаос којшто владее во градот, посебно во текот на туристичката сезона. Со изградбата на катната гаража кај „Градски пазар“ за која сме сигурни дека е неопходна и исплатлива, ќе се обезбедат нови паркинг места. Освен директен бенефит за граѓаните и туристите, катната гаража истовремено подразбира и дополнителен ангажман на работници и придобивка за градежниот сектор.

## 8. ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ

- Со поставување на фотоволтаични панели значително се намалуваат трошоците за електрична енергија, се зголемува вредноста на објектите и се дава значителен придонес кон заштитата на животната средина. Технолошкиот напредок докажа дека фотоволтаичните панели не само што се прифатлива опција, туку се и најлогичен чекор којшто може да се преземе за да се остварат заштеди на енергија. Овој проект опфаќа поставување на фотоволтаични панели на спортските објекти, со чие поставување ќе се добие поголема енергетска ефикасност. Истите ќе бидат поставени на: спортската сала „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“, на базенот и на новата трибина на Градскиот стадион, по принципот на Јавно приватно партнерство.

## 9. УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ВО С. ЛЕСКОЕЦ ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ" – ОХРИД

- Физичкото образование е еден од најбитните сегменти во севкупниот образовен процес, кој има повеќекратни позитивни ефекти врз идниот развој на младите индивидуи. Спортската активност е клучен фактор за создавање на здрави генерации какви што ѝ се потребни на Општина Охрид. Во таа насока, за потребите на жителите на село Лескоец и за здравиот развој на младите ќе се изгради спортска сала во рамките на ОУ „Ванчо Николески", со цел подобрување на физичкиот развој. Придобивки од проектот ќе имаат и спортските клубови во село Лескоец. Спортската сала ќе биде најсовремено опремена и ќе внесе нов, позитивен момент во секојдневието на децата и младите.

## 10. ИЗГРАДБА НА НОВИ МУЛТИФУНКЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА

- Во периодот што следува сакаме да придонесеме децата – нашата иднина, да имаат вистински можности за правилен раст и развој. Целта ни е да ги активираме младите, да ги поттикнеме да се дружат и да развиваат здрави навики. Јасно ни е дека децата мора да имаат простор каде што ќе можат да уживаат во безгрижно детство и затоа се определуваме децата да добијат повеќенаменски и спортски игралишта. Од таа причина, во село Велгошти до спортската сала, и во населбата Видобишта на постоечкото спортско игралиште, се планира изградба на нови мултифункционални игралишта со професионална подлога. По барање, пак, на граѓаните во согласност со нивните потреби, исти такви ќе бидат поставени и на уште на две локации.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## 3.1. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Охрид е туристички, културен, економски, спортски и урбан центар и како таков треба да овозможи целокупен општествен, економски и социјален развој, и подобрен современ животен стил и стандард за сите граѓани. Нашата визија е општина Охрид да стане функционално, ефикасно, ефективно и модерно место за живеење, промотор на бизнисот и град кој ќе биде посакуван за инвестирање. Решителни сме во намерата да постигнеме успех и да ги зајакнеме перспективите на Општина Охрид, а тоа ќе го постигнеме со непречен стремеж кон одржлива економија заснована на знаење, иновации и висококвалификувана работна сила. Со заеднички напори ќе работиме на подобрување на климата за инвестирање, подобрување на конкурентноста, зголемување на бројот на работните места, подобрување на приходите на граѓаните во заедницата, а сето тоа ќе придонесе за подобрување на животниот стандард за сегашните и идните генерации.

### ➤ БОРБА ЗА СЕКОЕ РАБОТНО МЕСТО И НОСЕЊЕ НОВИ ИНВЕСТИЦИИ

Со цел привлекување на инвестиции, најпрвин ќе направиме анализа на развојните потенцијали и можности на Охрид и мапирање на стратешките индустриски сектори, коишто Општина Охрид ги има како реални потенцијали да ги развива во иднина. Ваквата студија ќе биде водич за привлекување на нови СДИ во Охрид со најголеми директни и мултипликативни ефекти за градот, но и водич за домашните компании, коишто гравитираат кон Општина Охрид и каде што можат да ги насочат своите ресурси во градење на модерна индустрија, неопходна за остварување на одржлив економски развој. Предвидуваме и изградба на индустриска зона каде што локалните компании и домашни инвеститори ќе го прошират својот бизнис, што претставува можност за отворање нови работни места.



### ФОРМИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКО-ТЕХНОЛОШКА (IT) ЗОНА

Нашата намера е Општина Охрид да прерасне во IT општина достапна за сите, во секое време. За таа цел предвидуваме основање на општински инвестиционен фонд за компании, којшто ќе помага и ќе поддржува развој на иновативни проекти, кои се во насока на зајакнување на локалната економија, со акцент на иновативни технологии и иновативни старт-ап (start up) компании. Исто така, предвидено е и отворање на IT Зона која нуди субвенции, бесплатни канцеларии за поединци и компании наменети за IT Секторот. Во рамките на зоната се планира формирање на центар и простории за старт-ап компании. Со понатамошна нејзина промоција ќе се поттикне привлекување на големи странски компании од областа на IT Секторот.

# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

Една од најважните заложби е дигиталната трансформација на Општина Охрид преку поставување на бесплатен вифи интернет на повеќе локации во градот, просторно уредуваање на „ИНФО“ биро на влезот на градот Охрид, со поставување на бесплатен вифи интернет. Ќе го воведеме концептот ‘паметен град’ (SMART CITY), преку развивање на софтвери за поефикасно функционирање на општината. Во таа насока ќе обезбедиме унифициран софтвер за концептот ‘паметен град’. Предвидуваме и воведување на унифициран електронски податочен систем (open data system) за управување и следење на документи од страна на надлежните и странките (граѓаните), којшто ќе овозможи потранспарентен пристап на следење на секој документ што влегува во општинската архива, и секој граѓанин ќе има увид кој документ, до која фаза и кај кој вработен се наоѓа.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

Добрите инфраструктурни, водоснабдителни и канализациони системски решенија, обезбедуваат континуиран развој на Општината во секој нејзин дел, вклучувајќи ги како градските, така и руралните средини. Преку изградбата и реконструкцијата на водоводните и канализационите системи, паралелно со уредувањето на зелените површини во Општината, директно ќе придонесуваме за почиста, а со тоа и за поздрава животна средина за сите нас. Инвестирањето во патна инфраструктура значи инвестирање во безбедноста, времето, достапноста и економскиот развој на Општината. Можноста за непречено комуницирање и пренос на стока и добра по солидна инфраструктура е наша обврска.

## ИЗГРАДБА ИЛИ ДОИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ, ОДРЖУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА СИТЕ ЛОКАЛНИ ВОДОВОДНИ МРЕЖИ ОД СТРАНА НА ЈП ВОДОВОД ОХРИД

Охрид не може да си дозволи да нема водовод и да се соочува со неквалитетно водоснабдување. Во летниот период потребите за вода во градот значително се зголемуваат и инсталираниот капацитет е недоволен. Затоа ќе пристапиме кон изградба или доизградба на водоводните системи и инвестирање во нови технологии, со цел зголемување на капацитетот на водоснабдителната мрежа до секое населено место во секој период од годината.

## ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Долгодишните проблеми со фекалната канализација во Охрид и во руралните средини мора конечно да бидат решени. Имајќи го предвид времето во кое живееме, жално е да немаме квалитетна фекална канализација, кога се знае дека без соодветна инфраструктура, асфалтирани патишта, водоснабдување и особено канализација не е можен никаков развој, на ниедно подрачје. Со решавањето на проблемите со фекалната канализација во руралните средини ќе се подобрат условите за живот, а ќе влијаеме и врз запирање на миграциите од село во град, како и во странство.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ

Проектот предвидува изградба или доизградба на канализационен систем во населба „Гоце Делчев“ – Бараки, село Долно Лакочереј, село Подмоље, село Трпејца и во сите населени места каде што има потреба од истата. Со овој проект се предвидува изградба на пречистителни станици и канализациони мрежи со цел да се надминат проблемите со третирање на отпадните води.

## ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НИЗ ОПШТИНА ОХРИД

Изградбата на атмосферска канализација низ Општина Охрид е од витално значење, бидејќи овозможува собирање и одведување на атмосферските води, заштита на јавното здравје (епидемии од загадена вода), но и за нормалниот пешачки, автомобилски и секаков друг вид урбан сообраќај.

Атмосферска канализација ќе се изгради во селата Лескоец и Велгошти, на потегот на улица „Будва“ и во сите населени места каде што има потреба од истата. Воедно, со собирањето, третманот и канализирањето на атмосферските води се спречуваат сите можни негативни влијанија што тие можат да ги предизвикаат при испуштањето во езерото. Целта на проектот е и унапредување и заштита на животната средина, подобрување на условите во делот на уличната инфраструктура и намалување на негативните влијанија од климатските промени во Општината.

## ХИДРАНТИ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР ВО СТАРИОТ ДЕЛ НА ГРАДОТ

Во стариот дел на градот има тесни и непроодни улички, борови и нискостеблеста вегетација, како и други дрва и затоа хидрантите се многу важни при интервенциите на противпожарните единици во случај на пожар. Целта на проектот е да се постави хидрантна мрежа за побрзо дејствување и гасење на евентуални пожари, поради фреквенцијата што ја има овој дел од Охрид.

## ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА ОД ВЕГЕТАЦИЈА И ОТПАД И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА КОРИТАТА ОД РЕКИТЕ ШТО СЕ СЛИВААТ ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

Неисчистените речни корита претставуваат опасност за поплави. За таа цел, речните корита редовно ќе се чистат од вегетација и отпад, а партерно ќе бидат уредени коритата од реките што се сливаат во Охридското Езеро. Проектот предвидува чистење на речните корита од наноси и нискостеблести растенија, како и нивно уредување.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД

Асфалтирањето и одржувањето на сите улици на територијата на Општина Охрид ќе биде наша континуирана задача, бидејќи имиџот на градот ни е најважен. Во периодот што следува ќе бидат асфалтирани улиците во с. Лескоец, с. Велгошти, с. Долно Лакочереј, с. Трпејца, с. Коњско, с. Ливоишта, н. Долна Влашка Мала, н. Гоце Делчев (бараки), н. Воска, н. Даљан, н. Железничка, н. Билјанини Извори, н. Лескајца и континуирано одржување на сите улици на територијата на општина Охрид.



# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Квалитетното, модерно и ефикасно образование е темел за остварување на приоритетите во областа на економскиот раст, развитокот на демократијата, општествениот и личниот развој на граѓаните и севкупно за подобар живот во општината. Нашиот фокус е вложување во квалитетно образование, приспособено за потребите на пазарот на труд и за потребите на општеството. Затоа осмислуваме мерки и проекти во насока на модернизирање на образованието и подобрување на условите за стекнување на функционално знаење, коешто ќе биде соодветно вреднувано на пазарот на труд и знаење што младите ќе ги направи добри граѓани и успешни професионалци. Континуираните инвестиции во образованието, воведувањето на квалитетни механизми за унапредување на наставните планови и програми, осовременувањето на методологијата и наставните помагала, како и квалитетот на наставниот кадар ќе влијаат и на спречување на одливот на работоспособни кадри.

## ИЗГРАДБА НА НОВА СОВРЕМЕНА ГРАДИНКА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ГРАДИНКИ

Проблемот со листите на чекање за запишување на децата во градинка во Охрид постои долг период. Во насока на континуирано и трајно решавање на овој проблем, Охрид ќе добие нова современа градинка, со која значително ќе се зголеми капацитетот за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст, а постоечките градинки во Охрид ќе бидат реконструирани.

## ИЗГРАДБА НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР НА ПОТЕГОТ КАЈ КАСАРНАТА

Младинскиот центар ќе биде омилено збирно катче во кое ќе се акумулираат потребите на младите во Охрид. Центарот за млади би се состоел од библиотека, читална, простор за дебатен клуб каде што младите ќе може да си ги усовршуваат своите ораторски вештини, да учат и да споделуваат теми што за нив се есенцијал-

ни, кариерен центар кој ќе ги насочува младите на вистински чекори во иднина, простор за семинари  од полза и за невладиниот сектор и простор каде што младите ќе можат неформално да се едуцираат. Во склоп на младинскиот центар, секако, предвиден е и кафе бар кој освен за пауза, би бил и идеален за настапување на охридски бендови, а воедно и простор за учење, едукација и за забава на младите во секој период од годината.

## СУБВЕНЦИОНИРАНИ КУРСЕВИ ПО ИНФОРМАТИКА, МАТЕМАТИКА И АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Образовниот и едукативниот процес на сите граѓани е наш врвен приоритет. За таа цел, Општината ќе субвенционира курсеви по информатика, математика и англиски јазик за невработени лица и студенти во Општина Охрид, коишто живеат во семејства со ниски месечни примања или семејства во социјален ризик. На овој начин граѓаните ќе бидат мотивирани да работат на својот личен успех и на поголеми достигнувања, а воедно ќе се надминат и класните разлики во образованието. Со субвенционирање на овие курсеви, Општина Охрид директно ќе придонесува во доквалификација на пазарот на трудот, нудејќи отворена можност за секој што има желба да го надогради своето знаење, со цел да биде поконкурентен на пазарот и да го подобри својот деловен профил.

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТАЛЕНТИРАНИ МЛАДИ ЛУЃЕ

Младите се нашата најголема вредност. Со цел младите во нас да гледаат искрен пријател и поддржувач на сето она што сакаат да го прават, ќе им помогнеме да ги остварат своите амбиции преку субвенционирање, посебно на младите луѓе коишто покажуваат талент во одредена области  се истакнуваат на натпревари. На тој начин ќе се влијае и врз сопирање на трендот за одлив на мозоци. Целта на проектот е да ги мотивираме најдобрите ученици, основци, средношколци и студенти да продолжат во научното инвестирање. Со ваквиот тип на субвенционирање, вложуваме во домашниот буџет и ги поттикнуваме младите луѓе на научен натпревар помеѓу себе.

## СТИПЕНДИИ ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ

Туризмот е најзначајна гранка за Општината, а квалитетниот кадар е еден од предусловите за долгорочен успешен развој на туризмот во Охрид. Токму затоа ќе обезбедиме стипендии за под-

дршка на образованието кај оние ученици и студенти коишто посебно се истакнуваат во образованието и ја планираат својата кариера во областа на туризмот во Охрид.

## ИНФРАСТРУКТУРНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА КАБИНЕТИТЕ ЗА ИНКЛУЗИВНО УЧИЛИШТЕ (ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ)

За жал, нивото на инклузија на учениците со посебни образовни потреби е на многу ниско ниво. За надминување на овој проблем, инфраструктурно ќе ги приспособиме кабинетите за инклузивно училиште на овие ученици. Освен тоа, проектот предвидува и обезбедување на алатки за професорите во основно и средно образование и обезбедување ефикасна инклузија за учениците со посебни образовни потреби.

## ОТВОРАЊЕ РЕАЛНИ КОМПАНИИ ВО СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА

Од особена важност е да ги усогласиме барањата на реалниот сектор со профилите за кои се образуваат учениците во средните стручни училишта. Младите имаат потреба да бидат што поподготвени за влез на пазарот на трудот. Заради олеснување на процесот за нивно вработување, предвидуваме отворање реални компании во средните стручни училишта. Вложуваме посебни напори и дополнителни средства за најдобра можна едукација на младите лица.

## ВО СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА И СО УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ИЗРАБОТКА НА СОФТВЕРСКИ РЕШЕНИЈА КАКО ПОМАГАЛА ВО НАСТАВАТА

Сложеноста на активностите што се извршуваат во наставата бара поддршка во вид на софтверски решенија што се приспособени со специфичните потреби на наставата. Во соработка со стручните средни училишта и со Универзитетот „Св. Апостол Павле" ќе бидат изработени софтверски решенија како помагала во наставата. Софтверските решенија ќе бидат засновани врз најновите технолошки достигнувања и современи архитектури, а во согласност со барањата на корисниците за сигурно извршување на сите задачи.



# 7. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Препознавањето на важноста од навремено приспособување на планската документација во насока на потребите на физичките и правните лица коишто оперираат на територијата на Општина Охрид, е наша обврска. Навременото ажурирање и приспособување на планската документација резултира со спремност во процесот на привлекување на странските инвеститори. Квалитетно изработената урбанистичко-планска документација овозможува заштита и унапредување на животната средина, а пак уредувањето на просторот и неговото планирање во дослух со граѓаните креира пософистициран лик на Општината и овозможува нејзино правилно просторно искористување.

## МЕРКА 1:5

За секое исечено дрво коешто претставува опасност по имотот или животот на граѓаните, Општина Охрид презема обврска да засади пет нови дрва во рок од пет дена. Новите дрва ќе бидат насадени на иста или приближна локација на веќе исеченото дрво.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НОВА ЛОКАЦИЈА ЗА ДЕПОНИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ГРАДЕЖНИОТ ШУТ ШТО СЕ НАОЃА ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА МАУЦКЕР

Во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, потребно е да се изнајде нова локација за депонијата Мауцкер, како и средства за обработка на градежниот шут што се наоѓа во индустриската зона Мауцкер. За таа цел ќе направиме соодветни експертски анализи и дополнителни пресметки во поглед на издржливоста на капацитетот на долгорочен план.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ НАМЕНЕТИ ЗА РИДСКО-ПЛАНИНСКИТЕ МЕСТА КОИШТО НЕ МОЖАТ ДА БИДАТ ИСКОРИСТЕНИ ЗА ДРУГИ НАМЕНИ

Современиот начин на живот, брзиот индустриски и технолошки развој, како и зголемувањето на популацијата на земјата, се

главни причини поради кои доаѓа до перманентно зголемување на потрошувачката на енергија на глобално ниво. Токму затоа, обезбедувањето на сигурни и стабилни извори на енергија станува еден од најголемите проблеми со кои се соочува развојот на современите технологии за производство на електрична енергија. Наша определба е да вложуваме во зголемување на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Во таа насока ќе обезбедиме проектна документација за поставување на фотоволтаични панели наменети за ридско-планинските места коишто не можат да се користат за други намени.

## НАБАВКА НА СОВРЕМЕНА МОБИЛНА ПРЕТОВАРНА СТАНИЦА ЗА ОТПАД, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ”“

За да се намалат трошоците за транспорт, поради оддалеченост на поединечни рурални центри од локацијата на санитарната депонија (како и поради големата оддалеченост на поединечни рурални подрачја од општинскиот центар), ќе биде потребно во некои селски населби да се изградат локални пунктови за привремено одлагање на собраниот отпад. За таа цел со проектот се предвидува набавка на современа мобилна претоварна станица за отпад за потребите на ЈП „Охридски комуналец“.

## НАБАВКА НА СПЕЦИЈАЛЕН ПЛОВЕН ОБЈЕКТ, НАМЕНЕТ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ОД ОТПАДОЦИ

Со овој проект ги потврдуваме нашите заложби конечно да добиеме чист град, уште повеќе што Охрид и Охридското Езро се под заштита на УНЕСКО и претставуваат светско културно богатство и природна реткост којашто мора да се чува. Управувањето со отпадот е сериозен проблем и затоа набавката на специјален пловен објект наменет за чистење на Охридското Езеро од отпадоци се наметнува како неопходност и наш приоритет.


LOUNGE
ENTRY

# 8. УРБАНИЗАМ

Градот Охрид, старото градско јадро и околните населби мора да се развиваат, но урбанизацијата мора да ги следи позитивните законски прописи, односно урбанизацијата мора да се спроведува на начин што нема да ги доведе во прашање заштитата на неговата архитектонска препознатливост и посебност признаени од УНЕСКО. Сите активности во иднина ќе се спроведуваат согласно законската регулатива, за да не се случува неконтролирана урбанизација на градот. Во насока на правилна урбанизација ќе ги спроведеме следните проекти:

- ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СИТЕ ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВИ ЗА СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА КАДЕ ШТО ДО СЕГА НЕМА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА;
- ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НОВА НАСЕЛБА НАМЕНЕТА ЗА МЛАДИ БРАЧНИ ПАРОВИ, ВО КОЈА ЌЕ ИМА ПАРЦЕЛИ СО ПОДОСТАПНИ УСЛОВИ – проектот е во насока на стопирање на иселувањето од Охрид, преку креирање подобри услови за живот на младите брачни парови;
- ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА УРБАНА ОПРЕМА;
- РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ПОДНЕСЕНИ ВО 2011, 2015 и 2016 ГОДИНА;
- ИДЕЈНО И ИНТЕГРАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ КАЈ КАСАРНАТА;
- УРЕДУВАЊЕ НА БУЛ. „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ – УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНАТА ЗОНА НА БУЛЕВАРОТ;
- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАДОТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“;
- ИЗГРАДБА НА КОНГРЕСЕН ЦЕНТАР – По принципот на јавно приватно партнерство предвидуваме изградбата на Конгресен центар во Охрид. Тоа би значело развој на конгресниот туризам, како и можност за целогодишен туризам, а со тоа и зголемен број на ноќевања и туристи во градот. воопшто, унапредување на туристичкиот развој;
- ПЛАЖА ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПОКРАЈ ПАТЕКАТА „СТУДЕНЧИШТА“, НА ПОТЕГОТ ОД МОСТОТ КОН ХОТЕЛ „ПАРК“ – цел на овој проект е и збогатување на туристичката понуда на Охрид за оваа целна група;
- ИЗГРАДБА НА ЈАВНИ ТОАЛЕТИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ;

- ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕ ВИДИКОВЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД;
- ИЗРАБОТКА НА СООБРАЌАЈНА СТУДИЈА ЗА ЗАШТИТЕНОТО ГРАДСКО ЈАДРО И СООБРАЌАЈНА СТУДИЈА ЗА ЛЕТЕН РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ;
- ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ СВЕТЛЕЧКИ РЕКЛАМИ ВО СТАРИОТ ДЕЛ НА ГРАДОТ И ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВИ УНИФИЦИРАНИ;
- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИ СОВРЕМЕНИ ИГРАЛИШТА во с. Велгошти, с. Долно Лакочереј, н. Гоце Делчев (бараки), н. Видобишта, н. Билјанини Извори, н. Даљан, н. Даме Груев, н. Горна Влашка Мала, н .Железничка и на други локации по барање на граѓаните.



# 9. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Туризмот и угостителството се глобални феномени коишто постојано се менуваат и носат нови предизвици. Развојот на туризмот како значаен сектор за Охрид заслужува посебно внимание, а наша главна цел и стратешки приоритет е континуирано зголемување на бројот на туристи, преку градење нови модели за развој на туризмот, креирање на нови форми на туризам, брендирање на производи и привлекување на брендирани имиња, зајакнување на човечките ресурси во угостителско-туристичкиот сектор и промоција на Охрид како безбедна и атрактивна туристичка дестинација со богати туристички содржини. Со јасна стратегија, макотрпна работа и мудри политики ќе го зголемиме бројот на туристи и од туризмот и туристичкиот развој ќе можат да живеат сите: туроператорите, туристичките агенции, туристичките водачи, хотелиерите, угостителите, приватните сместувачки капацитети, занаетчиите, музичарите...и сето тоа позитивно ќе се одразува и на локалниот економски развој.

## ОХРИД ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПАНДЕМИЈАТА ЗА 3 ГОДИНИ ЌЕ ГО ДОСТИГНЕ НИВОТО НА БРОЈ НА ТУРИСТИ ОД 2019-ТА ГОДИНА И ВО НАРЕДНИТЕ 3 ГОДИНИ ЌЕ ГО ЗГОЛЕМИ БРОЈОТ НА ТУРИСТИ ЗА 50% ВРЗ ОСНОВА НА СТРАТЕГИЈАТА ИЗРАБОТЕНА ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

Заедно со Факултетот за туризам и угостителство и реномираните експерти во оваа област ќе изработиме нова Стратегија за развој на туризмот во Охрид со акциски план за 5 години, а со вклучување на јавноста и туристичкиот сектор ќе изработиме студија за развој на алтернативни форми на туризам и ќе го одредиме начинот на кој тие ќе се развиваат и унапредуваат во период од 5 години;

## ИНТЕНЗИВНА МЕЃУОПШТИНСКА КОМУНИКАЦИЈА СО ОПШТИНА ДЕБРЦА И УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ ЗА ПРОСТОРОТ НА СЛИВНОТО ПОДРАЧЈЕ ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО, ЗА ЕКОЛОГИЈАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Целта на проектот е меѓуопштинско здружување за заедничко дефинирање и избор на клучни приоритетни проекти за Охрид и Дебрца, коишто би резултирале со исклучителна привлечна сила врз туристите и би ја збогатиле туристичката понуда на Охрид. Со овие проекти заеднички би настапувале и при аплицирањето за искористување на средства од ЕУ фондовите или Планските региони. Со овој проект се создава и можност да се поврзат овие две општини и да се изработат заеднички, конкретни пакет аранжмани што ќе бидат дадени на дообработка на агенциите, со цел привлекување на поголем број на туристи и надвор од сезоната. На овој начин ќе се зголеми и локалната и регионалната конкурентност на Охрид како туристички центар.

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ХОТЕЛИ, ДОКОЛКУ Е ВО РАМКИТЕ НА НЕКОЈ СВЕТСКИ БРЕНД

Овој проект има посебен акцент на привлекување на инвеститори во делот на хотелиерството и тоа со посебни повластени услови и мерки за инвестиции за странски компании, коишто сакаат или имаат потенцијал за инвестиции во овој сектор. Оваа мерка би била спој на веќе постоечките Туристички развојни зони и нови посебни услови на доделување на државно земјиште за оваа намена, како и спој со условите за добивање на финансиски средства од фондот за развој, како и зголемена промоција на истите.

## ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ГОСТИ ПРЕКУ СЕКТОРОТ ЗА ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Гостите во Охрид сѐ уште се евидентираат рачно, на картонче, кое го пополнуваат сместувачките капацитети и го носат во Министерството за внатрешни работи. За олеснување на овој процес и за покомплетна и подетална статистичка евиденција на бројот на домашни и на странски туристи, како и на видот на нивното сместување (хотели, кампови или приватни сместувачки капацитети), со проектот е предвидено гостите да се пријавуваат електронски преку секторот за туризам и локален економски развој.

## УНИФИЦИРАН ИЗГЛЕД НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ НА ПЛОШТАДОТ

Целта на проектот е унифицирање на изгледот на угостителските објекти на плоштадот, поради подобра визуелизација на местото.

## СПОРТСКИ ТУРИЗАМ – БАЗА НА ПОДГОТОВКИ ВО ОХРИД

Охрид располага со огромен потенцијал за развој и промоција на активниот спортски туризам, кој за жал е малку промовиран и понуден за посета. За таа цел ќе направиме голем број репортажи и спотови за оваа намена, а спортскиот туризам ќе биде промовиран како туристичка понуда и на меѓународните саеми, настани и конференции со цел негова афирмација и збогатување на туристичката понуда. Во периодот што следува ќе ги подобриме условите за развој на спортскиот туризам, преку организирање на летни училишни кампови, создавање услови за подготовка на спортски клубови во истите и одржување на спортски манифестации, коишто ќе придонесат за зголемена посета на туристи. За таа цел предвидуваме изработка на публикација и мобилна апликација во кои ќе се мапираат сите атрактивни услови за: планинарство, кајак и спортско качување, едрење, риболов, спортски терени и друго, со цел обезбедување и презентирање на можностите за практикување на активен одмор и спорт во Охрид.

## ИНТЕНЗИВЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ

Со проектот се предвидуваат инвестиции во руралните средини во сместувачки капацитети, ресторани, пензионерски домови, спортско-рекреативни центри, планинарски домови итн. Преку проектот ќе се поттикне економскиот и општественот развој во руралните средини, со цел спречување на миграцијата на млади луѓе преку креирање нови работни места и зголемување на економската активност во руралните подрачја.

## ПРОМОЦИЈА НА ЦЕЛОГОДИШЕН ТУРИЗАМ – ОХРИД 365 ДЕНА

Афирмација на Охрид како атрактивна дестинација преку целата година со одредени олеснувања (ослободување од уплата на туристичка такса за периодот надвор од сезона, исплата на дел од сметките за вода и сл.), или субвенции за сместувачките капацитети што ќе носат гости пред и по туристичката сезона.

## ФОРМИРАЊЕ СТРАТЕШКИ СОЈУЗИ И ПАРТНЕРСТВА СО ТУРИСТИЧКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

Со овој проект се создава можност да се поврзат повеќе туристички дестинации (општини) од Република Албанија (Поградец – Корча – Лин) и Охрид, и да се изработат конкретни пакет аранжмани што ќе бидат дадени на дообработка на агенциите, со цел привлекување на туристи и надвор од сезона.

## ЕКО ТУРИЗАМ – МАПИРАЊЕ, ПРОГЛАСУВАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ ЗАШТИТЕНИ ЗОНИ

Целта на проектот е евидентирање, прогласување и промовирање на сите туристички потенцијали на Охрид (Галичица, Косел, Студенчишко Блато и други), коишто можат да се класифицираат како еколошки, со цел промоција на еко-туризмот во Охрид.

## ИЗГРАДБА, УРЕДУВАЊЕ И АДАПТИРАЊЕ НА СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ И ПЛАЖИ ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Целта е збогатување на туристичката понуда и привлекување по-голем број туристи од оваа целна група. Пристапниот туризам им овозможува на сите да уживаат во благодетите на патувањата и туризмот. Можноста туризмот да стане попристапен не е само општествена одговорност, туку истовремено го мотивира и бизнисот што работи во секторот да може да стане покомпетитивен на пазарот. Истражувањата говорат дека приспособувањето на објектите и услугите, меѓусекторското поврзување и разбирањето на потребите на луѓето со попреченост, влијае на зголемување на бројот на посетители.

## ИЗГРАДБА, УРЕДУВАЊЕ И АДАПТИРАЊЕ НА PET FRIENDLY ПЛАЖИ

Целта е збогатување на туристичката понуда и привлекување по-голем број туристи од оваа целна група која станува сè побројна. Трендот на промоција на pet frienly места, исто така е во пораст и затоа сакаме да ја задоволиме и оваа целна група на туристи.

## РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА АЛПИНИЗМОТ

Подобрување на условите за развој на рекреативниот и спортскиот алпинизам, создавање на тренинг локации и нивна употреба во функција на туризмот. Проектот опфаќа: мапирање на локации за качување по карпа, алпинизам и планинарење на поголеми височини; класификација на локациите за качување по карпа,

алпинизам и планинарење на поголеми височини; одбележување и уредување на пристапот до локациите и тренинг-локациите, во насока на обезбедување безбедност и сигурност при практикувањето на овој спорт; промоција на утврдените уредени локации во електронска форма и преку друг промотивен материјал.

## РАЗВОЈ НА РИБОЛОВЕН ТУРИЗАМ

Целта на овој проект е определување и уредување на локации за натпревари во риболов и подготвување на гастрономски специјалитети. Проектот опфаќа и системска грижа за постојано порибување на реките, езерата и другите водни акумулации и контрола на воспоставениот режим за одржливост на активноста.

## ОХРИДСКИ ТУРИСТИЧКИ РЕЧНИК

Проектот предвидува подготовка на промотивен материјал – книга со наслов „Охридски туристички речник", во која по азбучен редослед ќе бидат опфатени сите туристички вредности во Охрид: туристички, културни, историски, природни и верски локалитети и знаменитости во градот. Овој речник ќе биде наменет пред сѐ за домашните туристи, но ќе биде публикуван и на странски јазици. Крајна цел е на едно место да се опфати севкупната туристичка понуда на Охрид;

## ФОРМИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ИНКУБАТОР

Центар каде што ќе може да се обучуваат водичи за планини, спасувачи на плажи, параглајдинг обуки, кајакарење, едрење, езерски спортови, би се одржувале обуки за келнери, собарки и друг персонал што веќе работи во услужниот сектор, за запознавање на различни јазици, во согласност со посетителите во ресторанite, би се издавале одредени лиценци и сл.



# 10. СПОРТ И КУЛТУРА

Инвестирањето и создавањето на услови за спортување на сите генерации е највредна инвестиција корисна за сите генерации. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број спортски настани, и поддршката на спортските таленти директно придонесувале за правилен психо-физички развој на децата, професионалците, гостите коишто ги посетуваат овие содржини. Нашата тенденција за дисперзија на спортските содржини, наиде на огромно задоволство кај жителите од сите населби и тука заживеа играњето на традиционалните маалски игри: фудбал, кошарка, ракомет. Тоа ни е мотив повеќе да продолжиме понатаму.

Охрид претставува и ризница на културни, традиционални, историски и религиски вредности. Охрид е локалот во кој се случуваат многуте меѓународни манифестации, национални-културни настани, концерти и претстави, изложби и промоции. Уникатните вредности на градот ни даваат насока и обврска за културен ефект во секоја активност којашто ја цениме како промотор на градот, валоризирање на неговите вредности и зачувување на градските ликови и нивните дела.

Во насока на спортскиот и културниот развој и напредок на Охрид, ги предвидуваме следните проекти:

- ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ТЕРЕНИ (4 ТЕРЕНИ ЗА БАСКЕТ, 4 ТЕРЕНИ ЗА ТЕНИС, ОД КОИ ЕДЕН ПОКРИЕН ТЕРЕН);
- ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА СПОРТОВИ НА ВОДА (КАЈАКАРСТВО, ВЕСЛАЊЕ, ЕДРИЛИЧАРСТВО) И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ ПРОСТОРИИ;
- ИЗГРАДБА НА СТАРТНА ПЛАТФОРМА ЗА ПОЛЕТНА БАЗА И СЛЕТНА БАЗА ЗА ЕКСТРЕМНИ СПОРТОВИ СО ЛЕСНИ ЛЕТАЛА;
- ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИ И ВЕРСКИ МАНИФЕСТАЦИИ – Меѓународна културна промоција на Охрид преку поддршка на културни и верски манифестации;
- ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТРАДИЦИЈАТА И НЕГУВАЊЕ НА ВЕРСКИТЕ ОБИЧАИ;
- ПОДДРШКА НА ИЗДАВАЧКА, МУЗИЧКА, ЛИТЕРАТУРНА, ТЕАТАРСКА, ФИЛМСКА И ДРУГА СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ;
- СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА СИТЕ ЛУЃЕ

Следејќи ги светските трендови на инклузија и кохезија на сите социјални слоеви, Општина Охрид ќе води политика на унапредување на положбата на ранливите категории преку следните проекти:

## ИЗГРАДБА НА ПАТЕКА ЗА СЛЕПИ

Предвидено е поставување  патеки за слепи лица во Општина Охрид како предуслов за обезбедување на самостојно живеење и непречено движење на слепите лица.

## БЕСПЛАТЕН ЈАВЕН ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Со оваа мерка се подобруваат условите за подостапно движење и функционирање на лицата со инвалидитет.

## БЕСПЛАТНА ЛИНИЈА НА ЈАВЕН ПРЕВОЗ ЗА СИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ ВО ОДРЕДЕНИ ДЕНОВИ ОД НЕДЕЛАТА.

# 11. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

Досегашното искуство покажа дека најдобрите идеи доаѓат од оние на коишто им е потребно реално решавање на проблемите, а тоа се самите граѓани,Во таа насока  ВМРО-ДПМНЕ организираше „Денови на идеи“, со цел да ги слушнеме нивните потреби, нивните барања и сето она што има логика, што има смисла. Составен дел од оваа програма е и можноста да се најдат соодветни средства и во буџетот. Досегашните искуства покажуваат дека она што ВМРО-ДПМНЕ го ветува, тоа и го реализира. Многу често правиме и многу повеќе. Бројот на реализирани проекти речиси секогаш го надминува бројот на проекти коишто ги ветуваме и затоа е важно  граѓаните да ни веруваат.

## ФОРМИРАЊЕ  КЛУБ НА ПРИЈАТЕЛИ (СТРАНЦИ)

Отворање на современо опремена Канцеларија – клуб на пријатели (странци),  каде што луѓето од дијаспората ќе можат да се дружат, да споделуваат искуства и проекти од местата од каде што доаѓаат, да побараат и да добијат информации за функционирањето на градот и слично. Целта на зајакнувањето на контактите со дијаспората е и создавање на лоби групи и афирмација на Општината во странство, создавање база на податоци за дијаспората, привлекување на инвестициониот капитал и на крајот, трајно враќање на барем еден дел од популацијата којашто го напуштила Охрид.

## ОСЛОБОДУВАЊЕ НА КЕЈ МАКЕДОНИЈА ОД СИТЕ НЕАДЕКВАТНИ СОДРЖИНИ

Кејот Македонија треба да се ослободи од сите неадекватни содржини што го нагрдуваат лицето на градот.

## КУПУВАЊЕ НА НОВО ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО

Безбедно место за живеење е предуслов за спокоен живот. Изградбата на ефикасен систем, на превенција и заштита од пожари во Општина Охрид, ќе резултира со заштита на животите и имотот на граѓаните. Проектот предвидува набавка на ново противпожарно возило, како и набавка на нова опрема за противпожарната станица во Охрид и курсеви за пожарникарите на меѓународни семинари.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*